„Подобрување на патната мрежа во областа с.Доброшинци - регионална депонија во ЈИР - брана „Турија“ - с.Нивичино“



Езерото Турија е најголемото вештачко езеро во Југоисточниот плански регион. Неговата убавина и природата се поттик за промовирање преку посети на туристите, на излети, рекреација, спорт и риболов. Езерото е опкружено со прекрасна шума и самата клима придонесува за дополнително уживање за туристите. Со реконструкција на патот, ова место ќе биде подобро достапно и на животната средина нема да има било какви ризици, особено по растителниот и животинскиот свет.

Крајни цел од овој проект ќе имаат жителите од Струмичкиот микро-регионот, риболовците и ловџиите од Југоисточниот плански регион и од целата држава, а целни групи се иселеното население од с. Доброшинци и с. Нивичино, фармерите, водоснабдување „Струмичко поле“, јавното комунално претпријатие за регионална депонија А.С.А Абфал, ЈП „Македонски шуми“, риболовните и ловните друштва од Југоисточниот регион.



## Носител на проектот:

- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

## Проектни партнери:

- Општина Василево

## Времетраење:

- 7 месеци

## Финансиран од:

- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општина Василево

## Цел на проектот:

Основната цел на проектот е подобрување на конкурентноста на регионот на регионот преку подобрување на руралната патната инфраструктура во регионот . Делницата и изградбата на патот во должина од 17,6 km е многу оштетен и воопшто го нема при што нема соодветни услови за развој на туризам и заживување на с. Нивичино.

## Контакт:

Мима Станоевска
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/238-959
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: mima.stanoevska@rdc.mk

## Цели на проектот

- Подобрување на руралната патна инфраструктура од брана Турија и пристап до с. Нивичино;
- Создавање можности за заживување на с. Нивичино и промоција на неговиот туристички потенцијал;
- Подобрување на економскиот развој;
- Подобрување на условите за живот – полесен пристап до возилата на противпожарна служба, полиција, болничко возило.

## Очекувани резултати

- Изработен основен проект за изградба на пат;
- Изработена ревизија за основен проект за изградба на пат;
- Изработен елаборат за оценка на влијанието врз животната средина на пат;
- Изграден пат од с. Доброшинци - брана Турија - с.Нивичино.

